Упатство за пополнување на

Тримесечен извештај за пресметка на додадената вредност и инвестициите во основни средства за нефинансиските деловни субјекти

(ДВ.КВ.ИН)

Прашалникот се пополнува за секое тримесечје во тековната година
Прво тримесечје - јануари, февруари, март
Второ тримесечје - април, мај, јуни
Трето тримесечје - јули, август, септември
Четврто тримесечје - октомври, ноември, декември

Образецот ДВ.КВ.ИН се состои од три главни табели и две прашања, од кои третата табела е поделена во шест поединечни табели (средства и обврски за заеми и кредити (5 и 6), за хартии од вредност (7 и 8) и за останатите средства и обврски (9 и 10)).

1. Табела 1- Приходи, залихи, трошоци и плати

Во полињата за пополнување внесете ги вредностите за соодветните сметководствени сметки **во илјади денари**. Задолжително внесете вредност во секое поле. Доколку нема вредност за одредено поле, внесете 0 (нула).

2. Прашање 1 - Просечен број на вработени

Аритметичка средина од збирот на вработените за сите месеци од извештајниот период.

3. Прашање 2 - Број на месеци во кои е работено во тековното тримесечје

Селектирајте една од опциите, во зависност од тоа во колку месеци од тековното тримесечје се работело.

4. Табела 2 - Набавки и продажби на основни средства

Во полињата за пополнување внесете ги вредностите, во согласност со методолошките објаснувања, во илјади денари.

Табела 3 - Состојба на средствата и обврските (на последниот ден од тековното тримесечје)

5. Средства за заеми и кредити

Кратки појаснувања за Табела 5: Кредити и заеми коишто претпријатието-известувач ги има одобрено на субјекти од секторот Нефинансиски претпријатија (јавни и приватни), на физички лица (вклучувајќи и самостојни вршители на дејност) и на непрофитни институции. На пример: побарувања по кредити и заеми, факторинг, побарувања по достасани кредити, побарувања по основ на преземен долг, финансиски лизинг, побарувања врз основа на гаранции за заеми и кредити (кога гаранцијата ќе биде платена од страна на претпријатието) и слично. Во износот треба да се вклучат и побарувањата по основ на пресметана камата по заеми и кредити, доколку може да се издвојат. Во полињата за пополнување внесете ги вредностите за соодветните сметководствени сметки **во илјади денари**.

6. Обврски за заеми и кредити

Кратки појаснувања за Табела 6: Кредити и заеми коишто претпријатието-известувач ги има земено од други нефинансиски претпријатија (јавни и приватни), од физички лица (вклучувајќи и самостојни вршители на дејност) и од непрофитни институции. На пример: обврски по кредити и заеми, обврски по факторинг, достасани кредити, финансиски лизинг и слично. Во износот треба да се вклучат и обврските по основ на пресметана камата по кредити, доколку може да се издвојат. Во полињата за пополнување внесете ги вредностите за соодветните сметководствени сметки **во илјади денари**.

7. Средства за хартии од вредност

Кратки појаснувања за Табела 7: Вложувања во сите видови **акции** издадени од други нефинансиски претпријатија (АД), вложувања во сите видови **удели** издадени од други нефинансиски претпријатија (ДОО и ДООЕЛ и сл.). Вложувања во **должнички ХВ** кои се издадени од други нефинансиски институции и државата, како на пример: обврзници, записи и други должнички ХВ кои може да се чуваат до достасување, наменети за тргување, расположливи за продажба и сл.
Во износот треба да се вклучат и побарувањата по основ на пресметана камата по должнички ХВ, доколку може да се издвојат. Во полињата за пополнување внесете ги вредностите за соодветните сметководствени сметки **во илјади денари**.

8. Обврски за хартии од вредност

Кратки појаснувања за Табела 8: ***Основна главнина (сопственички капитал)***, **во акции** (сопствени акции, обични акции, приоритетни акции, премии на емитирани акции (примарна и дополнителни емисии)), и **во удели,** издадени од претпријатието-известувач, а се поседувани од други нефинансиски претпријатија, физички лица (вклучувајќи самостојни вршители на дејност), непрофитни институции и/или државата. Се внесува **нето-вредноста на основната главнина**: запишан уплатен капитал, минус неуплатен капитал, минус сопствени акции.
Обврски врз основа на должнички хартии од вредност (на пример: обврзници, записи и други должнички ХВ), кои се издадени од претпријатието-известувач, а се поседувани од други нефинансиски институции или државата. Во износот треба да се вклучат и обврските по основ на пресметана камата по хартии од вредност, доколку може да се издвојат. Во полињата за пополнување внесете ги вредностите за соодветните сметководствени сметки **во илјади денари**.

9. Вредност на останатите средства

Кратки појаснувања за Табела 9: ***Трговски кредити и аванси*** дадени на други нефинансиски претпријатија (јавни и приватни), физички лица (вклучувајќи и самостојни вршители на дејност), непрофитни институции и држава, како на пример: продажба на стоки и услуги на кредит, побарувања за аванси и кауции, побарувања од специфично работење (комисиона и консигнациска продажба, сомнителни и спорни побарувања по овој основ), побарувања од купувачи и слично.
Останати побарувања од други нефинансиски претпријатија (јавни и приватни), физички лица (вклучувајќи и самостојни вршители на дејност), непрофитни институции и држава, како на пример: побарувања за дивиденди, платени трошоци за идни периоди и пресметани приходи (АВР), побарувања од државни органи и институции (ДДВ, повеќе платени аконтации, акцизи, царини, данок на доход, придонеси и сл.), закуп на земјиште, побарувања по оперативен лизинг, побарувања по камати (само ако не може да се поделат по финансиски инструменти) и слично. Во полињата за пополнување внесете ги вредностите за соодветните сметководствени сметки **во илјади денари**.

10. Вредност на останатите обврски

Кратки појаснувања за Табела 10: ***Трговски кредити и аванси*** примени од други нефинансиски претпријатија (јавни и приватни), физички лица (вклучувајќи и самостојни вршители на дејност), непрофитни институции и држава, како на пример: обврски за набавка на добра и услуги, обврски за аванси и кауции, обврски спрема добавувачи, обврски од специфично работење (комисионо, консигнација) и слично.
Останати обврски кон други нефинансиски претпријатија (јавни и приватни), физички лица (вклучувајќи и самостојни вршители на дејност), непрофитни институции и држава, како на пример: обврски за дивиденда, одложени плаќања на трошоци и приходи (ПВР), обврски кон државата по основ на даноци, придонеси и сл., закуп за земјиште, обврски кон вработени за плати, дневници, хонорари, оперативен лизинг, обврски по камати (само ако не може да се поделат по финансиски инструменти). Во полињата за пополнување внесете ги вредностите за соодветните сметководствени сметки **во илјади денари**.